# ООУ,,11 ОКТОМВРИ,, - ЦЕНТАР, СКОПЈЕ

# ПРОГРАМА   ЗА

# ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ

# И ДРУГИ ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД

# ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

# ВО УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

***СОДРЖИНА***

1. Еднодневен есенски излет со учениците од I до IX одделение ………………………………………………………………………… 3

2. Еднодневен пролетен излет со учениците од I до IX одделение ……………………………………………………………………..5

3. Еднодневна екскурзија со ученици од III одделение …………………………………………………………………………………7

4. Настава во природа со ученици од V одделение ……………………………………………………………………………….9

5. Дводневна екскурзија со ученици од VI одделение ……………………………...........................................................................19

6. Тридневна екскурзија со учениците од IX одделение ………………...............……………………………………………………21

7. Зимски кампови со учениците од VI-IX одделение …………….......................…………………………………………….…..24

8. Летни кампови со учениците од VI-IX одделение …………………......................……………………………………………...26

**1. Еднодневен есенски излет со учениците од I до IX одделение**

*** воспитно-образовните цели**

- развивање и негување на спортски дух ;
- развивање на другарство и социјализација на учениците;
- развивање на позитивен однос кон животната средина и градење еколошки навики;
- развој на еколошката свест;
- запознавање со убавините и богатствата на непосредната околина;
- развивање позитивен однос кон верските и културните вредности и нивните различности.

***содржини и опис на активности**

- дружење, рекреација, фотографирање;
- правилно држење на телото;
- набљудување на природата и живиот свет во неа;
- размислувања и дискусии за значењето на природата за човекот и живиот свет;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- спортски активности и игри во природа;
- чистење на теренот и собирање на отпадоците на крајот од посетата на локалитетот.

***одговорен наставник, други вклучени наставници, ученици и др.**

Директор на училиштето – раководител на екскурзијата
Одделенски раководители и предметни наставници

Ученици од I – IX одделение
Вкупен број на ученици – 592

*** времетраење**

- еднодневен есенски излет месец Октомври 2022 година

*** локациите за посета и правците на патување**

Скопје – Марков Манастир - Скопје

***техничката организација**

Безбеден превоз со автобус, туристички водич согласно Правилникот за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта

*** начинот на финансирање**

Самофинансирање од страна на родителите на учениците

**2. Еднодневен пролетен излет со учениците од I до IX одделение**

*** воспитно-образовните цели**
- развивање на другарство и социјализација на учениците;
- развивање и негување на спортски дух ;
- развивање на позитивен однос кон животната средина и градење еколошки навики;
- развој на еколошката свест;
- запознавање со убавините и богатствата на непосредната околина;
- позитивен однос кон верските и културните вредности;
- запознавање со убавините и богатствата на непосредната околина.

*** содржини и опис на активности**
- дружење, рекреација, фотографирање;
- правилно држење на телото;
- набљудување на природата и живиот свет во неа;
- размислувања и дискусии за значењето на природата за човекот и живиот свет;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- спортски активности и игри во природа;
- чистење на теренот и собирање на отпадоците на крајот од посетата на локалитетот;

***одговорен наставник, други вклучени наставници, ученици и др.**

Директор на училиштето – раководител на екскурзијата
Одделенски раководители и предметни наставници

Ученици од I – IX одделение
Вкупен број на ученици – 592

*** времетраење**

- еднодневен пролетен излет  месец мај 2023 година

*** локациите за посета и правците на патување**

Скопје – Пелинце, Куманово - Скопје

***техничката организација**

Безбеден превоз со автобус, туристички водич согласно Правилникот за изведување на екскурзиите, излетите  и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта

*** начинот на финансирање**

Самофинансирање од страна на родителите на учениците

### 3. Еднодневна екскурзија со ученици од III одделение

**Локација за посета**
Национален парк Маврово

*** Воспитно-образовни  цели**

- изворно здобивање со знаења,престави и поими во природна средина,дополнување,дооформување,потврдување и систематизирање на стекнатите знаења
- развивање на свест за заштита и чување на природата
- запознавање со културни и верски објекти на различни етнички заедници и развивање почит кон  културното наследство во нашата земја
- поттикнување на позитивни меѓучовечки односи: другарство, соработка,толеранција,емпатија,почит
- развивање на самодоверба и самопочит

***Содржини и  опис  на  активности**

1. Животна средина на растенија и животни - препознавање, именување и споредување на различни видови растенија, нивната природна средина, услови за живот ( Изработка на хербариум)

2. Изработка на постер – општи впечатоци од различни културни објекти
3. Природните богатства и влијанието на човекот

***одговорен наставник, други вклучени наставници, ученици и др.**

Директор на училиштето – раководител на екскурзијата
Одделенски раководители:

1.Валентина Ангелковска  – одделенски раководител во III1
2.Весна Ѓоргиева Ангелоска  – одделенски раководител во III1
3.Александар Христовски  – одделенски раководител во III2
4.Билјана Велевска  – одделенски раководител во III2
5.Весна Крацовска – одделенски раководител во III3
6.Ирена Смилевска – одделенски раководител во III3

Ученици од III1,  III2 , III3
Вкупен број на ученици – 77

**5. Времетраење**

- Еднодневна екскурзија во  месец  мај 2023 година

**6 Локациите за посета и правец  на патување**

- Шарена џамија-Тетово; Гостивар-извор на реката Вардар-Вруток, посета на црква Св. Архангел Михаил и црква Св. Мина; Национален парк Маврово, набљудување на вештачкото езеро и потопената црква Св. Никола летен;

Скопје - Тетово - Гостивар - Маврово - Скопје

**7. Техничката организација**

Безбеден превоз со автобус, туристички водич согласно Правилникот за изведување на екскурзиите, излетите  и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта

**8.  Начин на финансирање**

Самофинансирање од страна на родителите на учениците

**4.Настава во природа за учениците од V одделение**

**Стандарди за оценување:**

**<u>Историја и општество</u>**

*Ученикот/ученичката*

- Ги наведува основните историски периоди (стариот век/античка историја, средниот век/средновековие, новиот век/модерна историја и најново време/современа историја) и ги лоцира на временска лента;
- Прави разлика меѓу праисторија и историја;
- Ги наведува главните откритија во праисторијата и го опишува нивното влијание врз начинот на живот на луѓето;
- Ги поврзува различните видови историски извори со институциите во кои се чуваат (архив, музеј, библиотека);
- Наведува и опишува познати археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава.;
- Временски и просторно ги лоцира познатите археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава;

**<u>Македонски јазик</u>**

*Ученикот/ученичката*

- Прави разлика меѓу литературно и народно творештво според авторството, содржината и јазикот;
- Ги идентификува елементите на прозен текст преку анализа на текстот;
- Опишува ликови, пејзажи, појави, објекти;
- Ја анализира композицијата на дадена песна;
- Раскажува настан од сопствено доживување;
- Креира текстови со едноставни композициски структури на слободна или зададена тема, почитувајќи го правилото за воведен, главен и завршен дел од текстот и следејќи ги правописните и граматичките правила.

**Математика:**

*Ученикот/ученичката*

- Чита податоци од столбест, линиски и кружен дијаграм;
- Поставува прашање за собирање податоци;
- Средува собрани податоци во табела;
- Претставува податоци на столбест и линиски дијаграм;
- Интерпретира податоци претставени со табели и дијаграми.

**Ликовно образование**:

*Ученикот/ученичката*

- Препознава видик и видикова линија во природата и ги користи во цртањето;
- Комбинира точки, линии и плоштини и црта текстура;
- Создава композиција со детали;
- Разликува тонови и бои, ги комбинира и прави слика;
- Разликува разни мотиви (мртва природа, пејсаж, портрет, композиција) и ги именува.

**Музичко образование**:

*Ученикот/ученичката*

- Препознава канон и зурла, визуелно и звучно;
- Разликува карактеристични народни песни и народни игри/ора од етничките заедници во Република Северна Македонија;
- Идентификува карактеристични народни песни или игри/ора;
- Изведува движења со точен ритам, темпо, правилна ориентација во просторот, со реагирање на динамиката, темпото, артикулацијата и разликите во музичките целини;
- Пее во група со усогласено темпо, динамика и ритам и нивни промени.
- Пее песни по слух со текст, во одреден ритам и интонација, со одредено темпо и динамика.

**<u>Физичко и здравствено образование:</u>**

*Ученикот/ученичката*

- Изведува комплекс вежби за обликување на целото тело во различни ставови и положби.
- Изведува детски танци по избор, со музика.
- Изведува традиционално народно оро по избор, со музика.
- Применува елементи во игра (мини фудбал) со примена на елементарни правила.
- Применува елементи во игра (мини одбојка) на ниско поставена мрежа со примена на елементарни правила.

## ЗАДАЧИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА:

- Непосредно запознавање со Шарскиот планински предел со дополнување и објаснување на географските поими на самиот терен;
- непосредно запознавање на нашето културно наследство преку иконостасот во резба во манастирот Св. Јован Бигорски кој припаѓа на Националниот парк Маврово и во Св.Наум
- проширување на знаењата за природните и вештачките езера, нивната искористеност, како и грижата за нивна заштита од загадување;
- запознавање со бањата Косоврасти која според количеството на сулфур се наоѓа на прво место во Европа;
- непосредно запознавање со Вевчанските извори;
- проширување на знаењата за флора и фауна во Охридското Езеро преку посетата на Природонаучниот музеј во Струга;
- набљудување на природниот феномен истекот на Црни Дрим;
- запознавање со градовите Струга, Охрид и специфичноста на македонската архитектура;
- проширување на знаењата за историското минато на нашиот народ.

## СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ:

Западниот дел на РСМакедонија – градови, реки, планини, котлини, бањи, извори, кањон, езера, музеи, средновековни градби, цркви, манастири, влашка куќа.

- набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите;
- собирање на материјали и податоци со географските содржини од секој посебен објект;
- пеење на народни песни различни по содржина;
- организирање на спортски и други рекреативни игри.

Учениците ќе престојуваат во Охрид, во установа во која има простории за изведување на планираните активности за секој работен ден, по предходно реализираната посета на определени локалитети и атрактивни места.

***Техники, методи и инструменти за следење на постигнувањата на учениците:***

- Набљудување, белешки на наставникот, анегдотски белешки, чек – листи, дневен формулар за следење, наставни ливчиња, листи за проверка, работни листови.

**Теми на истражување:**

***Екологија (еколошка интеграција):***

- Водата како животна средина **-** истражување на Охридското Езеро - флора и фауна;
- Земјата и воздухот како животна средина и услов за живот;
- Соцето, услов за живот;
- Растенија и животни кои се среќаваат во крајот.

***Историја и општество:***

- Животот и работата на луѓето во локалната заедница;
- Посета на Наколното живеалиште (Музеј на вода) Охрид;
- Селска и градска куќа - архитектура;
- Од историското минато на македонскиот народ.

***Литература и творење:***

- Читање проза и поезија за историјата, животот и работата на луѓето во Охрид, Струга и околината;
- Литературно творење.

***Математика:***

- Употреба на математичките операции преку истражување, собирање и средување на податоци во корелација со реализираните истражувања.

***Култура и фолклор:***

- Народни песни, носии, ракотворби, игри, традиции и обичаи од Охрид, Струга, с.Вевчани и Калишта.

***Спорт:***

- Утринска гимнастика;
- Одење и пешачење во природа;
- Атлетски дисциплини и натпревари;
- Спортски игри: фудбал, кошарка, народна топка, одбојка;
- Рекреативно - забавни игри ( игри без граница).

***Производствено - корисна работа:***

- Изработка на книга за реализираната едукативно-забавно настава во природа во Западна Македонија.

***Културно и забавни активности:***

- Вечер на хумор и смеа;
- Избор на најдобар глас;
- Вечер на народни игри и модерен танц;
- Квиз натпревар;
- Игранка.

***Хигиена и здравје:***

- Одржување лична и општа хигиена;
- Норматив листа за јадења на здрава и разновидна храна значајна за раст и развој на учениците.

**Потребен материјал за наставни активности:**

- Прибор за пишување и цртање
- Работна тетратка
- Наставни средства и помагала

**Распоред на времето во текот на денот:**

- Станување;
- Лична хигиена и уредување на спалните соби;
- Утринска гимнастика;
- Појадок;
- Посети;
- Ручек;

- Време за одмор;
- Активности-работилници;
- Ужина и активен одмор;
- Вечера;
- Културно - забавни активности;
- Лична хигиена и спиење.

**РАСПОРЕД НА ЧАСОВИ V одделение за учебната 2022/2023 година**

| **Реден број** | **Понеделник** | **Вторник** | **Среда** | **Четврток** | **Петок** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик | Математика | Македонски јазик | Одделенски час | Македонски јазик |
| 2. | Англиски јазик | Музичко образование | Англиски јазик | Математика | Ликовно образование |
| 3. | Историја и општество | Техничко образование и информатика | Историја и општество | Техничко образование и информатика | Математика |
| 4. | Природни науки | Македонски јазик | Математика | Природни науки | Англиски јазик |
| 5. | Математика | Слободен изборен предмет | Физичко и здравствено образование | Македонски јазик | Физичко и здравствено образование |
| 6. | Физичко и здравствено образование | Активност | Активност | Слободен изборен предмет | Активност |
| 7. | Активност | Активност | Активност | Активност | Активност |
| 8. | Активност | Дополнителна/ Додатна настава | Слободна активност | Активност | Дополнителна/ Додатна настава |

**Напомена:** Распоредот на часови во двете паралелки е ист. Часовите по предметите техничко образование, природни науки и англиски јазик ќе бидат реализирани по враќањето на учениците. Доколку останат ученици во училиштето кои од оправдани причини нема да можат да присуствуват на наставата во природа, истите часови по распоредот ќе бидат реализирани за нив во училиштето.

## ПРАВЕЦ НА ПАТУВАЊЕ И ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТА

| Ден | Посети и активности |
|---|---|
| **Прв ден** | Подготовка и попатни активности<br><br>Бележење на местото на тргнување, времето, сите попатни места на минување и застанување, изминатиот пат во километри на нема карта.<br><br>**Поаѓање:**<br><br>➢ Скопје - Св. Јован Бигорски<br>➢ Бања Косоврасти<br>➢ Вевчани - посета на Вевчански извори.<br>➢ Охрид-(сместување, вечера, забава) |

| Ден | Посети и активности |
|---|---|
| **Втор ден** | **Претпладневни активности**<br><br>**Посета на Охрид**<br><br>• Стар град<br>• Куќата на Робевци<br>• Антички театар<br>• Плаошник (цртање на околината)<br>• Самоилови тврдини (историски час) |

| Ден | Посети и активности |
| --- | --- |
| | • Црква Св.Софија<br>• Канео<br>(ручек, попладневен одмор, разгледување на околината -живиот свет во и покрај езерото,собирање на материјали за работа-каменчиња, растенија работилници, ужина, вечера, забава)<br><br>***Наставни часови попладне***<br><br>**Македонски јазик**: Читање на легенди за Охрид и Охридското Езеро.<br><br>**Општество:** Културниот живот во општината; Флора и фауна во Охридското Езеро<br><br>**Математика**:Работа со податоци<br><br>**Физичко и здравствено образование:** спортски активности (кошарка, фудбал, одбојка, македонски ора.)<br><br>**Корелација:** македонски, општество, математика и физичко и здравствено образование |

| Ден | Посети и активности |
| --- | --- |
| **Трет ден** | **Претпладневни активности**<br><br>**Посета на градот Струга**<br><br>• Мостот на поезијата<br>• Истекување на реката Црн Дрим од Охридското Езеро<br>• Куќата на браќата Миладиновци<br>• Природонаучен музеј<br>• Манастирски комплекс Св. Богородица-Калишта<br>(ручек, попладневен одмор (друштвени игри), работилница, вечера, забава)<br><br>***Наставни часови попладне*** |

| Ден | Посети и активности |
|---|---|
| | **Македонски јазик:** Читање и рецитирање на песните “Т'га за југ” и “Бисера“<br><br>**Музичко образование:** Обработка на песната „Како Струга нема друга“<br><br>**Творештво:** Осмислување кореографија за песната „Како Струга нема друга“<br><br>**Општество**:запознавање со животот и работата на луѓето во рамничарско село- рибарска населба со мешан етнички состав<br><br>**Ликовно образование:** цртање по набљудение (блиската околина)<br><br>**Корелација:** македонски јазик, општество, ликовно, музичко образование и творештво |

| Ден | Посети и активности |
|---|---|
| **Четврти ден** | **Претпладневни активности**<br><br>**Посета на:**<br><br>Наколното живеалиште - Музеј на заливот на коски во Градиште<br><br>Св. Наум Охридски<br><br>(појадок, посети, едукативни активности, ручек и заминување за Скопје)<br><br>***<u>Наставни часови попладне</u>***<br><br>**Македонски јазик:** литературно и ликовно творење по набљудение<br><br>**Математика**: работа со податоци: собирање на податоци<br><br>**Музичко образование:** Обработка на песната „Билјана платно белеше“ |

| **Ден** | **Посети и активности** |
|---|---|
| | **Корелација:** македонски јазик, математика, музичко образование |

**Раководителот, наставниците, учениците од V1 ,V2,V3**

- Директор на училиштето –раководител на екскурзијата
- Ана Миновска, Сузана Трендафилова – одделенски раководители на V1 одделение
- Викторија Рунтевска Јовевска, Наташа Миловановиќ Видески – одделенски раководители на V2 одделение
- Марија Стојановска, Моника Трпчевска- одделенски раководители на V3 одделение

**Број на ученици** од V1, V2, V3 : 82 ученика

**Времетраење:** четиридневна настава во природа во третата седмица од месец мај 2023 год
**Локациите за посета и правците на патување:** Скопје - Тетово - Гостивар - Маврово - Дебар - Вевчани - Охрид -Струга - Охрид -Скопје
**Техничката организација :** Безбедни патнички автобуси, климатизирани, патничко осигурување, добри услови на сместување, туристички водачи, лекар.
**Начинот на финансирање: Самофинансирање од страна на родителите.**

## 5. Дводневна екскурзија со ученици од VI одделение

*** воспитно-образовни цели**

- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- сфаќање на основните принципи за заштитата на животната средина;
- развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- развивање интерес за рекреација
- негување и развивање на индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста;

***содржина и опис на активности**

- набљудување, насочено внимание
- дружење, рекреација, фотографирање
- интервју, спортување

***раководител,одговорни наставници, други вклучени наставници, ученици**

- Директор – раководител на екскурзијата
- Златко Петковски - одделенски раководител на VI1 одделение
- Снежана Петровска - одделенски раководител на VI2 одделение

**Ученици од VI-1; VI-2 одделение**

Вкупен број на ученици - 51

*** времетраење**
- дводневна екскурзија во месец мај 2023

*** локации за посета и правците на патување**
Правец на патување
Скопје – Кратово – Пробиштип -Виница – Штип –Струмица - Скопје

Прв ден
Кратово (Радин мост) Пробиштип - манастир Гаврил Лесновски с.Лесново; Виница ( Винчини), Штип- Ново Село, пристигнување во Струмица и ноќевање.

Втор ден
Струмица – Смоларски Водопади; Манастир „Успение на Пресвета Богородица“ – Вељуса, враќање во Скопје.

***техничка организација**
Безбедни патнички автобуси, климатизирани, добри услови на сместување, туристички водич, лекар согласно Правилникот за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.

*** начин на финансирање**
Самофинансирање од страна на родителите

## 6. Тридневна екскурзија со ученици од IX одделение

*** воспитно-образовните цели**

*Ученикот/ученичката*

- да се запознава со природните особености на родниот крај;
- да се поттикнува да развива интерес за природните особености на родниот крај
- да се запознава со капацитетите за туризам, одмор и рекреација во родниот крај;
- да ги препознава и именува најблиските туристички објекти, локалитетите за одмор и рекреација;
- да ги препознава и наведува можните локалитети за селски туризам;
- да запознава значајни ископини, тврдини и други градби од материјалната култура на Република Северна Македонија;
- да стекне искуство за осамостојување и грижа за себе;
- да развива интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
- да развива интерес за природата и да гради еколошки навики.

***содржина и опис на активности**

Непосредно запознавање со автентичната македонска архитектура (специфична архитектонско-градежна структура), преку посета на манастир Јован Бигорски, Вевчани, Охрид и Струга, природните убавини на Охридското Езеро, Свети Наум, Плаошник, Античкиот театар и стекнување нови сознанија за животот на луѓето во дамнешното минато.

***одговорен наставник, други вклучени наставници, ученици и др.**

- Директор – раководител на екскурзијата
- Александар Чавкароски – одделенски раководител на IX1 одделение
- Весна Грошева – одделенски раководител на IX2 одделение
- Костантин Стојановски – одделенски раководител на IX3 одделение

Ученици од IX-1, IX-2, IX-3 одделение
Вкупен број на ученици – 59

*** време на реализација**
- тридневна екскурзија во мај, 2023 година

*** локациите за посета и правците на патување**
Правец на патување
Скопје-Тетово-Гостивар-Маврово-манастир Јован Бигорски-Вевчани-Струга-Охрид

**<u>Прв ден</u>**
Скопје, Тетово, Гостивар, Маврово, Манастир Св.Јован Бигорски, Вевчани, Струга, Охрид

**<u>Втор ден</u>**
Посета на Свети Наум, Охрид

**<u>Трет ден</u>**
Посета на градот Охрид

***техничката организација**
Безбедни патнички автобуси, климатизирани, добри услови на сместување, туристички водич, лекар согласно Правилникот за изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта.

*** начинот на финансирање**
Самофинансирање од страна на родителите

***7.Зимски камп  со ученици од VI – IX одд***

**Време на реализација:** Јануари 2023год

1. **Времетраење:** 7дена
2. **Место:** Пелистер / Крушево / Пониква

**Зимскиот камп** е спортско рекреативна активност на учениците, каде посебен акцент се дава на обучување, скијање и санкање за ученици почетници.

3. **Воспитно образовни цели:**
   - Запознавање со природно – географските, биолошко – еколошките и други особености на локалитетот
   - Развивање интерес кон природата и градење еколошки карактер
   - Градење чувство на патриотизам, соживот, толеранција, дружење и рекреирање
   - Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности
   - Примена на вежби за подготовка и правилен физички развој
   - Развивање на физичките, функционалните и психомоторните способности
   - Развивање ориентација во простор со вежби и комплекси за психомоторните способности (координација во простор, сила, еластичност, снаодливост, рамнотежа, експлозивност ...)
   - Да се поттикнат и манифестираат позитиви емоции.
   - Елиминирае на негативните навики, негување на позитивни навики за одрување на општа и лична хигиена
   - Да ја увидат поширокaта просторна ориентација на својата околина и општините во Република Северна  Македонија

4. **Содржини:**
   - Скијање со физичка и здравствена едукадција за почетници
   - Пешачење по планински патеки

- Учење основен скијачки став
- Учење одење со скии
- Учење вртерње во место
- Начини на качување на скии
- Качување со обичен чекор – чекорење на горе
- Како треба да се паѓа
- Право спуштање
- Лизгачки чекор
- Спуштање со плужење
- Плужен завој
- Елементарни игри на снег
- Снежни натпревари

Програмата за зимување се состои од два дела:
- прв дел: подготовки, патување и враќање, и
- втор дел: престој, обука за скијање или друг вид спортување.

За овие форми на спортско-рекреативни активности се прават посебни подготовки на учениците како: физичка подготовка и обезбедување соодветна опрема за активностите.

Активностите се поделени во утрински и попладневен дел. Утринскиот дел од програмата има содржини одредени по планот и програмата (скијање – техника, методи). А додека попладневниот дел е по опуштен и содржи повеќе штафетни игри, игри на снег и други елементарни игри

**Раководител / наставници**
Предметни наставници по физичко и здравствено образование
- Златко Павловски
- Костантин Стојановски
- Филип Павловски

Ученици – од VI до IX одделение

8. ***Летен камп  со ученици од VI – IX одд***

1. **Време на реализација:** Јуни 2023
2. **Времетраење:** 7 дена
3. **Место:** Охрид / Дојран / Преспа

**Летниот камп** е вон наставна активност од спортско – рекреативен карактер за учениците, каде посебен акцент се дава на обучување на непливачи и адаптирање на телото во водена средина

4. **Воспитно образовни цели:**
   - Запознавање со природно – геогравските, биолошко – еколошките и други особености на локалитетот
   - Развивање интерес кон природата и градење еколошки карактер
   - Градење чувство на патриотизам, соживот, толеранција, дружење и рекреирање
   - Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности
   - Примена на вежби за подготовка и правилен физички развој
   - Развивање на физичките, функционалните и психомоторните способности
   - Развивање ориентација во простор со веби и комплекси за психомоторните способности (координација во простор, сила, еластичност, снаодливост, рамнотежа, експлозивност ...)
   - Да се поттикнат и манифестираат позитиви емоции.
   - Елиминирање на негативните навики, негување на позитивни навики за одрување на општа и лична хигиена
   - Да ја увидат пошироката просторна ориентација на својата околина и општините во Република Северна Македонија

**Содржини:**

- Адаптирање и прилагодување на телото во водена средина
- Елементарни игри во вода за ослободување од комплекс – водена средина
- Совладување движење и техники за дишење во вода

- Создавање позитивни емоции и интерес за обука
- Навикнување кон вебите за дишење, нуркање и гледање под вода
- Да се совлада пловоста со помошни средства
- Совладување на техника на хоризонтална поставеност на телото во вода
- Совладување техника за одржување на вода без помошни средства
- Да се совлада техника на правилна работа на нозете
- Да се увежба техника на вдишување и издушување
- Да се научи техника на работа со рацете и нозете и координирано вдишување и издишување.

Програмата за кампување и летување се состои од два дела:
-прв дел: подготовки, патување и враќање, и
-втор дел: престој, обука за пливање или друг вид спортување.
За овие форми на спортско-рекреативни активности се прават посебни подготовки на учениците како: физичка подготовка и обезбедување соодветна

Активностите се поделени со дневна агенда која содржи: будење, утринско вежбање, исхрана, теоретско – практична едукативна настава, задолителен одмор и културно забавна програма.

**Раководител / наставници**
Предметни наставници по физичко и здравствено образование
- Златко Павловски
- Костантин Стојановски
- Филип Павловски

Ученици – од VI до IX одделение

**Тим за изготвување на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците за учебна 2022/23 година**

Весна Крацовска – одделенски наставник во III одделение
Викторија Рунтевска Јовевска – одделенски наставник во V одделение
Костантин Стојановски – одделенски раководител во IX одд
Игор Наумовски - Училишен одбор
2 претставника од Совет на родители

Скопје
11.07.2022 година

ВД Директор
Даница Блажеска